Објавен во Службен весник број: 170/2013
Датум на објавување: 06.12.2013

# Закон за изменување на Законот за работните односи

**Член 1**

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македнија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009,130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13 и 25/13), во членот 94 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
(2) Отказ на договорот за вработување поради причини на вина од страна на работникот, работодавачот може да му даде на работникот во рок од шест месеци од денот на дознавањето на фактите кои се основа за давање на отказот, односно во рок од 12 месеци од денот на настапувањето на фактите кои се основа за давање на отказот.“

Ставот (2) станува став (3).

**Член 2**

Во членот 263 став (1) зборовите: “министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а членот 2 ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.